# ПОСВЕТЕНОСТА НА CANON КОН ОДГОВОРНОСТА

**ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ**

Canon



**Усогласеноста ја докажуваме преку системска документација, истовремено помагајќи им на своите корисници да ги исполнат сопствените обврски за одговорност.**

## ДОГОВОРНИ ОДРЕДБИ

Canon бара од трети страни, вклучувајќи ги продавачите и партнерите коишто обработуваат лични податоци во име на Canon, договорно да се обврзат да ги заштитат сите лични податоци што ги добиваат од Canon. Ним им е забрането да ги употребуваат личните податоци за било која намена освен за да вршат услуги по налог на Canon. Canon спроведува проценка на усогласеност заснована на ризик за добавувачите коишто ракуваат со податоците на Canon или на корисниците на Canon.

## МЕЃУКОМПАНИСКИ ОДРЕДБИ

Во случај кога делува како обработувач на податоци, компанија на Canon нема да префрла или да дозволи друга компанија на Canon да делува како подобработувач, или да има пристап, или да обработува лични податоци, освен доколку таа компанија на Canon не е потписник на соодветниот Договор за меѓукомпаниска обработка на податоци.

## УПРАВУВАЊЕ ПРИ НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ

Canon има процеси за идентификување, пријавување, управување, опоравување и решавање на нарушувањата на безбедноста на личните податоци. Овие процеси Canon формално ги документира.

## ВНАТРЕШНИ ЕВИДЕНЦИИ

Canon покажува одговорност со тоа што одржува сеопфатна внатрешна евиденција за сите активности за обработка на лични податоци преку систематските обрасци Проценка на влијанието врз приватноста (ПВП)/ Проценка на влијанието врз заштитата на податоците (ПВЗП). Барањата за индивидуални права (БИП) се евидентираат и се почитуваат во временската рамка определена со закон.

## РЕГИСТАР НА АКТИВНОСТИ ЗА ОБРАБОТКА

Canon води евиденција за своите активности за обработка, покривајќи области во согласност со соодветните закони за приватност во земјите во кои работиме.